Бр. 12-2639/5

28-11-2019 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава за корупција, на 24-та седница одржана на ден 15 ноември 2019 година донесе

**Одлука**

СЕ ЗАПИРА постапката по предметот број 12-2639 од 2019 година, оформен по пријава бр.12-2639/1 од 08.05.2019 година од непознат подносител - за утврдување на прекршувања на одредбата од член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и на одредбата од членот 8-а од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија„ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/2019).

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-2639 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-2639/1 од 08.05.2019година.

Предметот со број 12-2639 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2639 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр.12-2639/1 од 08.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата, изнесени се наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, против Градоначалникот на Општина Гази Баба заради организирање на настан за започнување на изградба на фекална канализација во населено место.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај Државната комисија презема процесни дејства - достава на барање за доставување на податоци и информации од Општина Гази Баба, на кое кај Државната комисија е примен одговор – писмено со кој се доставуваат бараните податоци, информации и документација во врска со предметниот настан.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба и преземените процесни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатираше дека:

- Изградбата на фекалната канализација во н.м. Јурумлери се изведувала од 2015 година како посебна постапка за јавна набавка која за предмет имала градежна целина, а не изведување на само една фаза. Работите на изградбата би можеле да се дефинираат во неколку фази кои се однесуваат на технички независно градежни целини и тоа: прва фаза - работи на изградба на канализација, втора фаза - изведба на потисниот цевковод со објект за потисни и вакуум пумпи, трета фаза - изведба на вакуум канализацијата и шахтите. По овие фази постапката била се уште во тек односно работите кои се изведувале на терен се изведувале согласно договорот склучен во 2017 година и анекс кон договорот од 2018 година. Четвртата фаза од изградбата се однесувала на испорака и монтажа само на вентили за канализацијата согласно договорот склучен во 2019 година и *истата не*


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

*била предмет на работи кои се изведувале на терен односно, од страна на Општина Гази Баба се уште не биле започнати никакви активности во тој дел кои се однесуваат на оваа фаза од постапката.*

- Постапката за изградба на канализационата мрежа за н.м. Јурумлери била планирана со Програмата за урбано планирање Ф на подрачјето на Општина Гази Баба за 2016 година, Буџетот на Општината за 2016 година и Планот за јавни набавки за 2016 година, истата била спроведена со отворена постапка бр.28/2016 со предмет на набавка - Изградба на фекална канализациона мрежа во н.м. Јурумлери и за истата бил склучен договор од 01.12.2016 година.

- Предметната набавка била планирана и во Програмата за урбано планирање Ф на подрачјето на Општина Гази Баба за 2017 година, Буџетот на Општината за 2017 година и Планот за јавни набавки за 2017 година, истата била спроведена со отворена постапка бр.19/2017 со предмет на набавка – Изградба на фекална канализациона мрежа во н.м. Јурумлери (вакуумска канализација) и бил склучен договор од 13.10.2017 година, а за наведениот предмет во 2018 година бил склучен анекс договор за продолжување на рок на изведба од 09.11.2018 година;

- Истата набавка била планирана и во Програмата за урбано планирање Ф на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, Буџетот на Општината за 2019 година и Планот за јавни набавки за 2019 година, истата била спроведена со отворена постапка бр.02/2019 со предмет на набавка – Изградба на фекална канализациона мрежа во н.м. Јурумлери и бил склучен договор од 29.03.2019 година, но по оваа постапка *воопшто не се работело на терен односно не бил даден налог за отпочнување на работите кои се предмет на наведената постапка за јавна набавка.*

- Од страна на Општина Гази Баба, на терен се изведувале тековни работи во континуитет во врска со предметната набавка и тие тврдат дека не била започната никаква фаза во изведување на градежните работи во текот на изборната кампања за Претседателските и Локалните избори во 2019 година и не само што не бил организиран настан за започнување на изградба на фекална канализација во населено место, туку немало ни потреба од организирање на таков настан поради тоа што изградбата на предметната фекална канализација била започната многу порано.

Врз основа на сето погоре констатирано, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека наводите од доставената пријава не се потврдени, активностите на Општина Гази Баба преземени во врска со пријавениот случај не се во спротивност со одредбите од членот 8-а од Изборниот законик и одредбите од членот 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што оцени дека Државната комисија нема елементи за понатамошно постапување по овој предмет.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 15 ноември 2019 година под бр. 12- 2639/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk